Економски совет
Општина Штип
Број 09 -сл
27.01.2016 година
Ш т и п

З А П И С Н И К

Од **десетата седница** на Економскиот совет на Општина Штип, одржана на ден **27 јануари 2016 година**, со почеток во **11.00 часот**.

На седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Штип, Прим. м-р Илчо Захариев - претседател на Економскиот совет, членовите на Економскиот совет, раководителот на одделение за поддршка на градоначалникот на Општината Штип, Снежана Санева, советник на градоначалникот Нада Нацинска и записничар Маријана Трајкова и претставник од одделението за ЛЕР Марина Митревска.

Со седницата раководеше градоначалникот Прим. м-р Илчо Захариев, претседател на Економскиот совет на Општина Штип.

Претседателот на Економскиот совет на Општина Штип на дневен ред ги предложи следниве точки:

1. Иницијатива од Локалната самоуправа за уредување на паркин просторот кај поранешна фабрика Астибо;
2. Разгледување на Извесітај за реализирани активности на Одделението за ЛЕР за 2015г.;
3. Разно;

Членовите на Економскиот совет едногласно **(12-за)** го усвоија следниот:

**Д н е в е н р е д**

1. Иницијатива од Локалната самоуправа за уредување на паркин просторот кај поранешна фабрика Астибо;
2. Разгледување на Извештај за реализирани активности на Одделението за ЛЕР за 2015г.;
3. Разно;

**Точка 1 од дневниот ред** – Иницијатива од Локалната самоуправа за уредување на паркин просторот кај поранешна фабрика Астибо;

Воведно образложение по точка 1 од дневниот ред даде претседателот на Економскиот совет на Општина Штип, прим. м-р Илчо Захариев. Ги информираше присутните за потребата од уредување на паркин просторот кај поранешна фабрика Астибо. Уредениот паркинг

простор ќе послужи за паркирање на поголем број на возила кои претходно се паркираа по тротоарите на булевар “Гоце Делчев” бидејќи во овој дел има фрекфенција на голем број на возила како од локалните угостителски објекти, така и од Универзитетот “Гоце Делчев”-Штип и од вработените во фабриките во кругот на поранешна фабрика Астибо. Со ова решение ќе се создадат и услови за побезбедно движење на пешаците по тротоарот на булеварот.

Членовите на Економскиот совет ја дадоа својата подршка за реализација на оваа иницијатива.

**Точка 2 од дневниот ред** – Разгледување на Извештај за реализирани активности на Одделението за ЛЕР за 2015г.;

Воведно образложение по ова точка даде претставникот од одделението за ЛЕР Марина Митревска која го презентираше Извештајот за реализирани активности на Одделението за ЛЕР за 2015г. Членовите на Економскиот совет се запознаа со реализираните активности и тековните проекти од Одделението за ЛЕР за 2015 г.

Информацијата беше едногласно поддржана од страна на членовите на Економскиот совет.

**Точка 3 од дневниот ред** – Разно;

Под точка разно се отвара дискусија за наредни теми кои би се дискутирале на наредната седница на Економскиот совет.

Седницата заврши во 12.45 часот.

Економски совет на Општина Штип
Претседател
Градоначалник на Општина Штип
Прим.м-р Илчо Захариев

Записничар
Маријана Трајкова